Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, постапувајќи по заклучокот на граѓанските оддели на четирите Апелациони судови во Република Северна Македонија, за расправање по правното прашање кој е активно легитимиран да поднесе тужба за регресен долг од неосигурано возило, на седницата одржана на ден 30.05.2022 година, согласно член 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, го усвои следното:

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

**Право на регрес во висина на исплатената штета причинета од неосигурано моторно возило има само Националното Биро за осигурување.**

О б р а з л о ж е н и е

До Врховниот суд на Република Северна Македонија – Оддел за граѓански дела, доставен е заклучок од работната средба на граѓанските оддели на Апелациониот суд Гостивар, Апелациониот суд Битола, Апелациониот суд Скопје и Апелациониот суд Штип, одржана на ден 06.10.2021 година, Врховниот суд на Република Северна Македонија да се произнесе за правното прашање кој е активно легитимиран да поднесе тужба за регресен долг од неосигурано возило, дали Националното Биро или осигурителното друштво кое ја надоместило штетата на оштетеното лице, а заради обезбедување на единствена примена на законот и воедначување на судската практика.

Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, расправајќи по поставеното правно прашање го утврди правното мислење, поради следните причини:

Согласно член 58 став 1, точка 1 од Законот задолжително осигурување, Националното биро за осигурување е должно да формира Гарантен фонд кој служи за исплати на штета настанати на територија на Република Северна Македонија од непознати и неосигурени моторни возила и приколки, неосигурени чамци и бродови на моторен погон, како и неосигурени воздухоплови.

Согласно член 59 став 1, друштвата за осигурување кои вршат работи на задолжително осигурување се должни да уплатат средства во Гарантниот фонд кои служат за исплата на штети во случаите наведени во членот 58 став 1 од овој закон, во износ сразмерен на премијата остварена по одделни класи на задолжително осигурување во претходното тримесечје, за тековното тримесечје од тековната година.

Според член 64 од истиот Закон, Бирото има право на регрес во висина на исплатената штета заедно со камата и трошоци од сопственикот на неосигуреното моторно возило, воздухоплов, пловен објект и сопственик на превозно средство во јавен сообраќај, односно од лицето кое ја предизвикало штетата. Сопственикот, односно лицето кое ја предизвикало штетата се подеднакво одговорни кон Бирото.

Од изнесеното, неспорно произлегува дека само Националното биро за осигурување има право на регрес на исплата на штета поради неосигурано моторно

возило а не и друштвата за осигурување кои вршат работи на задолжително осигурување.

Согласно член 16 став 1 од Законот за задолжително осигурување, со осигурувањето од автомобилска одговорност се опфатени и штетите предизвикани со употреба на моторно возило од неовластено лице, а според став 3 на истиот член, друштвото за осигурување што ќе ја надомести штетата предизвикана со употреба на моторно возило од страна на неовластено лице има право на регрес за исплатениот износ на надомест на штета заедно со камата и трошоци создадени на тој начин од неовластеното лице.

При постоење на јасна законска регулатива, по член 64 од Законот за задолжително осигурување, за штета предизвикана од неосигурано моторно возило право на регрес за исплатениот износ има Националното Биро, а по член 16 од истиот Закон, за штета предизвикана со употреба на моторно возило од неовластено лице, право на регрес за исплатениот износ има друштвото за осигурување.